РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-777/1 од 16.02.2026 година, оформен по пријава против градоначалникот на Општина --------, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што за предметниот случај веќе постапил надлежен орган кој согласно законските надлежности преземал конкретни мерки за отстранување на констатираните неправилности.

Предметот со број 12-777/1 од 16.02.2026 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 16.02.2026 година, е поднесена пријава против градоначалничката на Општина -------, поради тоа што не назначила секретар на општината во законски утврдениот рок по стапувањето на функцијата, согласно со одредбите од Законот за административни службеници, врз основа на која е оформен предмет број 12-777/1 од 16.02.2026 година. Подносителот во пријавата наведува дека оваа законска обврска не била исполнета до денот на нејзиното поднесување, што може да има влијание врз законитото функционирање на општинската администрација, како и врз обезбедувањето на отчетност, контрола на службените постапки и правната сигурност.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија постапувајќи по пријавата, побара надлежно постапување од Државниот управен инспекторат за вршење вонреден инспекциски надзор во Општина --------.

Државниот управен инспекторат во законскиот рок достави одговор на барањето , со прилог Записник од вонреден инспекциски надзор ИП1 бр.----- од 27.02.2025 година од кој е видно дека бил извршен вонреден инспекциски надзор во Општина --------, при што се утврдени неправилности кај субјектот на надзор, поради тоа што градоначалничката -------- не назначила секретар на општината во рокот предвиден со закон, со што е сторена повреда на чл.23 точка 8 од Законот за административни службеници, што претставува прекршок казнив по член 101 точка 2 од истиот закон. Во врска со констатираната состојба, управниот инспекторат донел Решение ИП1 број ----- од 12.03.2026 година со кое изрекол инспекциска мерка – наредба за отстранување на утврдениот недостаток и определил рок за назначување секретар на општината, а за сторениот прекршок издал прекршочен платен налог согласно законските одредби.

Имајќи предвид дека во врска со наводите од пријавата постапил надлежен орган кој ја утврдил фактичката состојба и презел конкретни мерки за отстранување на констатираните неправилности, Државната комисија оцени дека нема основ за понатамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата